РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
05. 03. 2014
07 1425/1

бр. 01-78/2
Скопје, 04.03.2014 година.

До
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во прилог на писмото Ви доставуваме примерок од Годишниот извештај за работата на Советот на јавните обвинители на Република Македонија за 2013 година.

Со почит,

СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Претседател
Костадин Кизов

Прилог: Годишен извештај за 2013 година.

ул. "Кеј Димитар Влахов" бр.4, кат 5 , Скопје
тел. .02/ 3207-480 факс02/ 3207-482

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 01-78/1
19.02. 2014 год
Скопје

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА

## РАБОТАТА НА
## СОВЕТОТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## за 2013 година

**Февруари 2014 година**

СОДРЖИНА:

ВОВЕД.....................................................................................................3

I. СЕДНИЦИ НА СОВЕТОТ........................................................................3

II. ИЗБОРИ И ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈА............................................ 4

III. ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ И ПОПЛАКИ...............................6

IV. ОСТАНАТИ АКТИВНОСТИ .................................................................7

V. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА .............................................................8

VI. МАТЕРИЈАЛНО ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА.......................................9

Советот  на јавните обвинители на Република Македонија е основан согласно Уставот  на Република Македонија во 2008 година со цел да обезбеди јакнење на самостојноста на јавните обвинители во извршувањето на нивната функција. Од 01.08.2012 година Советот започна да го извршува  вториот мандат со траење од 4 години.

Своите права и должности Советот на јавните обвинители ги  црпи од Законот за советот на јавните обвинители  (Сл.весник бр.150/07 од 12.12.2007 год.).

Надлежноста и начинот на работата на Советот на јавните обвинители е регулирана во чл. 9 од Законот за советот на јавните обвинители на Република Македонија, каде до детали е опишана надлежноста и начинот на кој Советот постапува и работи со цел да ја обезбеди самостојноста на јавните обвинители на целата територија на Република Македонија. Од 01.10.2013 година Советот својата функција ја извршува во значително подобри услови за работа.

## **НАДЛЕЖНОСТ**

Како основна законска должност на Советот на јавните обвинители на Република Македонија е да ги избира и разрешува јавните обвинители на сите нивоа, освен изборот и разрешувањето на Јавниот обвинител на Република Македонија, кое е во надлежност на Собранието на Република Македонија кое по предлог на Владата на Република Македонија, го избира  и разрешува Јавниот обвинител.

Советот во својата надлженост има улога на второстепена дисциплинска комисија, која утврдува престанок на функцијата јавен обвинител, а исто така одлучува за утврдувањето на нестручно и несовесно вршење на функцијата јавен обвинител.

Оценувањето на Јавните обвинители согласно Законот за Јавното обвинителство го вршат повисоките Јавни обвинители, но следењето на оценувањето како и дадените оценки се предмет на разгледување  на Советот на јавните обвинители. Се работи на измени на подзаконските акти особено на Правилникот за утврдување на начинот за оцена на работата на јавните обвинители. Со оценувањето треба да се препознаат оние јавни обвинители кои

се вредни и стручни да ги истакнат оние јавни обвинители  кои се нестручни, неажурни и.т.н. Со новиот начин на оценувањето сметаме дека ќе се подобрат резултатите од работењето на јавните обвинители.

Советот на Јавните обвинители е надлежен да донесе и одлука со која јавниот обвинител привремено се оддалечува од функцијата до донесување на конечната одлука на дисциплинската комисија и Советот како второстепен орган во постапката.

Обезбедувајки ја самостојноста на Јавното обвинителство, Советот во својата надлежност го има и утврдувањето на бројот на јавните обинители на целата територија на Република Македонија. За таа цел Советот е овластен да упати јавен обвинител на времено обавување на функција во друго јавно обвинителство, по спроведена законска постапка.

Заради обезбедување на потребниот јавнообвинителски кадар, Советот секоја година најдоцна до крај на месец февруари со своја одлука го утврдува бројот на слободните јавнообвинителски места во наредните две години и одлуката ја доставува до Академијата за обука на судии и јавни обинители. Во рамките на својата функција, дава и согласност по програмите на Академијата на судии и јавни обвинители.

Во делот од надлежностите во кои спаѓаат, оценувањето на годишните извештаи на сите обвинителства, издавање и одземање на службени легитимации, водењето на персонални листи за секој јавен обвинител и давањето мислење и учество во комисиите за  Законите од значење за делокругот на работата на Советот и Јавното обвинителсто, Советот ги превзема сите активности во рамките на своите можности.

## НАЧИН НА РАБОТА

Советот работи на седници во состав од сите членови на советот и Јавниот обвинител на Република Македонија, кој е член на советот.

Советот е составен од 11 члена и тоа по еден јавен обвинител од сите подрачја на Вишите јавни обвинителства во Република Македонија, еден член од јавното обвинителство на Република Македонија, и еден член од сите јавни обвинителства кои се припадници на сите заедници кои не се мнозинство во Република Македонија.

Од редот на Собранието на Република Македонија се избираат четири члена, а член по функција е Јавниот обвинител на Република Македонија.

Во тек на 2013 година Советот на Јавните обвинители одржа вкупно 34(триесет и четири) седници.

Мандатот на членовите на Советот трае 4(четири) години. Првиот совет на Јавните обвинители е формиран на 01.08.2008 година и мандатот истекуваше на 31.07.2012 година. Втотиот мандат на членовите на советот, започна од 01.08.2012 година, а истекува на 31.07.2016 година.

**<u>РАБОТА НА СЕДНИЦИ</u>**

Седниците на Советот на Јавните обвинители се однесуваа најповеке на редовните избори и именувања, но на седниците беа разгледувани и други актуелни настани и активности во јавнообвинителската организација.

Советот одржа вкупно 34 седници, или 2 (две) седници повеке од 2012 година, на кои седници во прв план беа избор на јавни обвинители во сите јавни обвинителства на Република Македонија, но исто така посвети време и на одобрувањето на буџетот на Јавното обвинителство, разгледување и постапување по претставките и поплаките кои беа упатени до Советот. Се разгледуваа годишните извештаи на јавните обвинителства, се разгледуваа дадените оценки на јавните обвинители на сите нивоа во јавното обвинителство. Се пристапи кон изготвување на содржината на персоналните листови за евиденција на јавните обвинители, како и други актуелности кои секојдневно се јавуваат во работата на јавните обвинителства, како што се нивната положба во општеството, нивниот материјален статус, кои јавни обвинителства се обидуваа да го решат преку советот, како материјален така и по однос на недостатокот на вработени стручни и помошни служби.

## ИЗБОР НА ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

Советот на Јавните обвинители во текот на 2013 година објави вкупно 10(десет) огласи на сите нивоа во Јавното обвинителство, на кои огласи се јавија вкупно 99(деведестетидевет) кандидати кои биле заинтересирани да својата кариера ја почнат или продолжат во јавното обвинителство.

Советот согласно деловникот за работа формираше свои комисии кои со сите пријавени кандидати, а кои се јавуваат за првпат, се извршија интервјуа и на кои дадоа оценки за стекнатиот впечаток за секој кандидат, кој по тоа го презентираа на седница на советот. Во извештајната година беа избрани 31 (триесетиеден) јавен обвинител, од кои 9 (девет) кандидати беа избрани со завршена академија за судии и јавни обвинители.

При изборот на Јавните обвинители во 2013 година Советот беше лимитиран со избор во основните јавни обвинителства на ограничен број на кандидати, бидејки согласно законските прописи за избор на основен јавен обвинител мора да се избере кандидат кој има завршено академија за судии и јавни обвинители.

Во постапката за огласување, на неколку конкурси за избор на основен јавен обвинител немаше пријавено кандидати со завршена академија за судии и јавни обвинтели, па така основните јавни обвинителства во Тетово, Кичево , Гостивар, Битола и други јавни обвинителства не беа пополнети. Често го среќаваме овој проблем, бидејки кандидатите со завршена академија за судии и јавни обвинители не се јавуваат за испразнетите места во внатрешноста на Република Македонија. Сметаме дека во наредните неколку години ќе имаме голем недостиг од кандидати со завршена академија за судии и јавни обвинители.

Табела на вкупно избрани јавни обвинители во 2013 година

| Објавени огласи | Пријавени кандидати | Избрани кандидати | Од академија |
|---|---|---|---|
| 10 | 99 | 31 | 9 |

Етничката застапеност на јавните обвинители во Република Македонија е следнава:

Во Јавното обвинителство на Република Македонија - Скопје, вкупно се избрани 12 јавни обвинители од кои: 8 се македонци, 3 се албанци и 1 јавен обвинител е србин.

Во Вишото Јавното обвинителство - Скопје, вкупно се избрани 15 јавни обвинители од кои: 9 се македонци, 4 се албанци, 1 е србин и 1 јавен обвинител е влав.

Во Вишото Јавното обвинителство Битола, вкупно се избрани 7 јавни обвинители од кои сите се македонци.

Во Вишото Јавното обвинителство Гостивар, вкупно се избрани 7 јавни обвинители од кои: 3 се македонци и 4 се албанци.

Во Вишото Јавното обвинителство Штип, вкупно се избрани 6 јавни обвинители од кои: сите се македонци.

Во Основното јавно обвинителство за Гонење на организиран криминал и корупција, вкупно се избрани 12 јавни обвинители од кои: 11 се македонци и 1 е албанц.

Во Основното Јавното обвинителство Берово, вкупно се избрани 2 јавни обвинители од кои: 2 се македонци.

Во Основното Јавното обвинителство Битола, вкупно се избрани 8 јавни обвинители од кои: 7 се македонци и 1 е турчин.

Во Основното Јавното обвинителство Гевгелија, вкупно се избрани 4 јавни обвинители од кои: 4 се македонци.

Во Основното Јавното обвинителство Гостивар, вкупно се избрани 5 јавни обвинители од кои: 3 се македонци и 2 албанци.

Во Основното Јавното обвинителство Дебар, вкупно се избрани 2 јавни обвинители од кои: 1 е македонци и 1 албанец.

Во Основното Јавното обвинителство Делчево, вкупно се избрани 2 јавни обвинители од кои: 2 се македонци.

Во Основното Јавното обвинителство Берово, вкупно се избрани 2 јавни обвинители од кои: 2 се македонци.

Во Основното Јавното обвинителство Кавадарци, вкупно се избрани 6 јавни обвинители  од кои: 6 се македонци.

Во Основното Јавното обвинителство Кичево, вкупно се избрани 3 јавни обвинители  од кои: 3 се македонци.

Во Основното Јавното обвинителство Крива Паланка, вкупно се избрани 2 јавни обвинители  од кои: 2 се македонци.

Во Основното Јавното обвинителство Кочани, вкупно се избрани 6 јавни обвинители  од кои: 6 се македонци.

Во Основното Јавното обвинителство Куманово, вкупно се избрани 13 јавни обвинители  од кои:  9  се македонци и 4 албанци.

Во Основното Јавното обвинителство Охрид, вкупно се избрани 8 јавни обвинители  од кои: 8 се македонци.

Во Основното Јавното обвинителство Прилеп, вкупно се избрани 8 јавни обвинители  од кои: 8 се македонци.

Во Основното Јавното обвинителство Радовиш, вкупно се избрани 2 јавни обвинители  од кои: 2 се македонци.

Во Основното Јавното обвинителство Ресен, вкупно се избрани 2 јавни обвинители  од кои: 1 е македонци и 1 е албанец.

Во Основното Јавното обвинителство Свети Николе, вкупно се избрани 2 јавни обвинители  од кои: 2 се македонци.

Во Основното Јавното обвинителство Скопје, вкупно се избрани 57 јавни обвинители  од кои: 46 се македонци, 8 се албанци и 1 е црногорец.

Во Основното Јавното обвинителство Струга, вкупно се избрани 5 јавни обвинители  од кои: 3 се македонци и 2 е албанец.

Во Основното Јавното обвинителство Струмица, вкупно се избрани 9јавни обвинители  од кои: 9 се македонци.

Во Основното Јавното обвинителство Велес, вкупно се избрани 7 јавни обвинители  од кои: 7 се македонци.

Во Основното Јавното обвинителство Тетово, вкупно се избрани 8 јавни обвинители  од кои: 3 се македонци и 5 албанци.

Во Основното Јавното обвинителство Штип, вкупно се избрани 6 јавни обвинители  од кои: 6 се македонци.

Во однос на половата и националната структура на јавните обвинители во Република Македонија е следна.

Македонци 80%

Албанци 16,36%

Турци 0,47%

Срби  0,93%

Власи 0,93%

Роми  0,00%

Полова застапеност на јавни обвинители во Република Македонија.

Мажи 49,53%

Жени 50,47%

**<u>РАЗРЕШУВАЊЕ НА ОБВИНИТЕЛИ</u>**

Советот во 2013 година разреши 13(тринаесет) јавени обвинители заради исполнување на условот за одење во пензија, 1(еден) јавен обвинител беше разрешен заради заминување на нова функција и 1(еден) јавен обвинител беше разрешен по негово сопствено барање.

## ПОСТАПКА ПО ПРЕСТАВКИ И ПОПЛАКИ

Една од основните должности на Советот е работењето по  поплаките и претставките на граѓаните, а кои се однесуваат на работата и постапувањето на јавните обвинители.

Во 2013 година Советот постапуваше по 120(стоидваесет) поплаки и претставки .

Начинот на работа со поднесените претставки и поплаки е следен:

Советот е поделен во работни групи, а кои групи ги покриваат сите Виши јавни обвинителства.

Во зависност од содржината на поплаката по однос на територијалната припадност на подносителот, поплаката се доставува на одреден член кој ја покрива работата на обвинителството за кое е поднесена поплака, а членот на Советот, преку Вишиот јавен обвинител или преку основниот јавен обвинител на тоа обвинителство бара и добива извештај за конкретната состојба, врши увид во доставениот извештај и ја известува странката за својот наод. Заради разјаснување на состојбата  на работите со одредени претставки членот на советот може да изврши и увид во предмети од надлежност на пониските и повисоките јавни обвинителства.

Во извештајната година поднесени се 80 претставки-поплаки од оштетени лица. Најчесто овие полаки се однесуваат на долготрајноста на постапката, која најчесто не е кај јавниот обвинител, по донесените јавнообвинителски одлуки предметите најчесто се наоѓаат во судот.

Има поплки и за отфрлени пријави но по извршените контроли по барање на советот за конкретни предмети, до сега не се утврдени злоупотреби од страна на јавните обвинители.

Како обвинети лица или лица против кои се води кривична постапка со свои поплаки се јавиле 5 лица. Оваа категорија на поплаки се однесува најчесто на предмети по подигнувањето на обвиненијата против тие лица и најчесто предметите се наоѓаат во фаза на судење на главен претрес, па советот по извршената контрола го известува подносителот дека мора да се причека да се

заврши кривичната постапка, па по тоа да се утврдува евентуалната одговорност на јавниот обвинител кој постапува по предметот.

Како други лица ги сметаме лицата кои немаат статус на учесник во постапката или како што самите се нарекуваат најчесто „заинтересирани лица“ и има такви поднесено 17(седумнаесет) поплаки.

Како подносители на претставки се јавуваат правни лица, кои најчесто се подносители на кривични пријави, но има и правни лица кои се јавуваат со поплаки каде обично се обвинети нивните раководни лица, такви претставки има 14(четрнаесет).

До советот се доставени и 4(четири) анонимни поплаки - претставки, а тоа се претставки најчесто од граѓани кои не се однесуваат за конкретни предмети, туку најчесто за одредени појави во нивните средини, за кои според нив би требало да пројави интерес јавното обвинителство. Во својот вообичаен начин на работењето, Советот тие поплаки и претставки не ги отфрла, иако нема начин да го извести подносителот, туку истите се проследуваат до основните јавни обвинителства на територијата за која се однесува поплаката на испитување од основниот обвинител, кој за своите сознанија по претставката доставува извештај за својот наод.

| PODNESENI PRETSTAVKI BO 2013 год. | | |
|---|---|---|
| **Оштетени** | **80** | 66,67% |
| **Обвинети** | **5** | 4,17% |
| **Други** | **17** | **14,16%** |
| **Правни лица** | **14** | **11,67%** |
| **Анонимни** | **4** | **3,33%** |
| **Вкупно** | **120** | **100%** |

## ВОНПРЕДМЕТНА АКТИВНОСТ

Во својата вонпредметна активност Советот бележи благо намалување во своето работење.

Вкупниот број на останатите предмети формирани во Советот на јавни обвинители е 256 (двестапедесетишест) што претставува намалување од предходната година за 46 предмети.

Советот успешно и навремено одговори на сите формирани предмети кои не се однесуваат на конкретната работа на јавните обвинители.

## ДРУГИ АКТИВНОСТИ

Советот на јавните обвинители во својата вонпредметна активност учествува во повеке работни тела кои се од интерес на јавнообвинителската служба.

Во редовниот состав на Управниот одбор на академијата има два свои члена кои со своето активно учество допринесуваат за донесување и спроведување на политиката на академијата.

Свои претставници советот има и во програмскиот совет, кои членови даваат свој придонес за рамномерната застапенос во наставата на предмети од интерес на јавното обвинителство.

Заради подготовка и спроведување на новите законски решенија на планот на кривичниот прогон, и примената на Законот за кривичната постапка, членовите на советот се постојани членови на комисиите и работните тела за изготвување на законските и под законските акти во рамките на Министерството за правда.

Особен интерес кај членовите на советот претставуваат обезбедување на самостоен буџет и Законот за јавнообвинителската служба. Со овие два закони би се изедначиле со судството и би имале еднаков третман во општеството.

Според некои пресметки, бројот на јавните обвинители треба да биде зголемен за околу 50 (педесет) јавни обвинители, како и дел од административното покривање на редовните активности би требал да изнесува зголемување за околу 70(седумдесет) ново вработени, од кои најмалку 40(четириесет) стручни соработници, кои во иднина би требало да ја претставуваат подготвеноста на Јавнообвинителската организација за борба против сите видови на криминал.

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Бидејки Советот нема сопствен буџет својата меѓународна активнист најчесто ја сообразува со активностите на академијата за судии и јавни обвинители.

Во 2013 година не се оствари студиско патување, во странство од членовите на Советот. Меѓутоа, повеќе членови учествуваа на меѓународни конференции во Република Македонија и странство. На тие конференции учествуваа претставници од правосудни институции од повеќе земји членки на Европската унија.

Посебно внимание предизвика меѓународната конференција одржана во Скопје на тема ,,Борбата против корупцијата во правосудството и судска етика,, на која учествуваа судии и јавни обвинители од СР Германија, Хрватска, Србија, Црна Гора и Македонија. Од 01.07. до 4.07.2013 година во Будва – Црна Гора член на Советот на јавните обвинители учествуваше на меѓународната конференција на тема – Регионални мрежи за правосудна политика. Советот на јавните обвинители беше посетуван и од претставници на правосудни институции од повеќе земји пред се од земји  членки на Европската унија, САД и Турција.

## МАТЕРИЈАЛНО ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА

Во поглед на материјално-финансиската состојба на Советот, во овој извештај може да констатираме дека Советот и понатаму нема сопствен буџет, дека тој е дел од буџетската програма на јавното обвинителство на Република Македонија кое нешто подразбира соочување со недостаток на финансиски средства како основа за отстранување на проблемите и пречките за реализација на активностите предвидени согласно Програмата за работа на Советот.

Општа е констатацијата дека Советот во текот на 2013 година и покрај објективните потешкотии од материјално-финансиска состојба, успешно ги реализира законските обврски особено на планот на изборот на јавните обвинители.

Советот на јавните обвинители како и претходните години ќе донесе Програма за работа на Советот за 2014 година, во која ќе ги предвиди сите приоритети на кои Советот ќе треба да обрне внимание заради успешно извршување на законските надлежности и во 2014 година.

Сигурно меѓу другото како приоритети ќе бидат утврдени:

- унапредување на стратегијата за избори на јавните обвинители, поврзани со почетокот на имплементацијата на Законот за кривична постапка,

- ажурирање на персоналните листи за секој јавен обвинител, кој ќе помогне во примената на Законот, за примена на систем на кариера на јавните обвинители, изготвување на повеќе подзаконски акти од надлежност на Советот.

- унапредување на соработката со Академијата за судии и јавни обвинители на Република Македонија, Судскиот совет на Република Македонија, како и други сродни институции во земјата, регионот и пошироко.

Како и претходните години и во наредниот период ќе бидат вложени напори за конечно дефинирање на буџетскиот статус на Советот и обезбедување на материјално-финансиски средства со што ќе се овозможи ефикасно функционирање на Советот.

СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ

НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА